16.01.2024,  10.00-14.00, A1

ReTrans

# „РеТранс“ - настан за дисеминација

## Панел-дискусија: Предизвиците со кои се соочуваат толкувачите и институциите во хуманитарен контекст во РС Македонија

Организатор:

- Датум:16.01.2024, 10.00-14.00, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Амфитеатар 1
- Начин: физичко присуство
- Регистрација (линк): https://docs.google.com/document/d/1v9Ga-ZDpXwQdlfDwhesrdr_8K2a3cCH_/edit

Почитувани колешки и колеги,
Драги уважени партнери,

Ви благодариме за досегашната соработка.
Ни претставува вистинско задоволство да ве поканиме на **настанот за дисеминација** на нашиот Еразмус+ проект „РеТранс“ (***Интеракција со толкувачи во транзитни зони за бегалци: градење на капацитети и подигнување на свеста во контекст на високото образование***) што ќе се одржи на **16 јануари 2024 г. од 10.00 до 14.00 часот** во **Амфитеатарот 1** на **Филолошкиот факултет „Блаже Конески“** во **Скопје**.
Настанот ќе го заокружиме со коктел.

Оваа пригода ќе ја искористиме за да ви ги претставиме главните цели на нашиот проект, како и дел од постигнатите резултати (анкета, вотkасти и едукасти) кои ќе бидат проследени со дискусија со вас и со нашите ценети панелисти на следниве теми:

**Прва панел-дискусија:**

- Какви потреби имаат бегалците при влезот во РС Македонија?
- Каква улога има толкувањето во овој контекст и каква е правната рамка?
- Како соработуваат институциите со толкувачите на регионално и на меѓународно рамниште?

**Втора панел-дискусија:**

- Со какви предизвици се соочуваат толкувачите и засегнатите странки во РС Македонија?
- Што е досега постигнато и што треба дополнително да се направи?
- Како може да се подобри состојбата за двете страни: за толкувачите и за засегнатите странки?

Ве молиме **најдоцна до 22 декември 2023 г**. да ни го потврдите вашето учество.

Во меѓувреме, ве покануваме да ја посетите нашата веб-страница:

- https://www.retrans-interpreting.com

Проектот „РеТранс – Интеракција со толкувачи во транзитни зони за бегалци“ е поддржан од ЕУ.
Референца: 2021-2-AT01-KA220-HED-000048753

universität wien Centre for Translation Studies
University of Maribor
University for Continuing Education Krems
Hellenic Republic Ionian University 1984
Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union